Врз основа на член 39 став (6) од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.74/24 и 208/24), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ВИНО

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за упис во Регистарот на производители на вино.

**Член 2**

Барањето за упис во Регистарот на производители на вино се поднесува на образец, во А4 формат на хартија во бела боја во хартиена форма или во електронска форма.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 37-6427/1
14 мај 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**Прилог**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

## БАРАЊЕ ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ВИНО

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Име и презиме на физичко лице /<br>Назив на правно лице кое произведува вино | |
| 2. | Адреса на физичко лице /<br>Седиште на правно лице кое е произведува вино | |
| 3. | Адреса на главниот преработувачки капацитет на физичкото/правното лице кое произведува вино (доколку е различна од адресата/седиштето) | |
| 4. | Матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија на физичко лице кое произведува вино /<br>Единствен матичен број на субјектот на правно лице кое произведува вино | |
| 5. | Капацитет за прием и преработка на грозје (во тони годишно) | |
| 6. | Капацитет за преработка и чување на вино (во литри годишно) | |
| 7. | Капацитет на опрема за пакување на виното во шишиња (во број на шишиња на ден) | |
| 8. | Површина под сопствени лозови насади (во хектари) | |
| 9. | Површина под лозови насади од постојани коопераnти (во хектари) | |
| 10. | Име и презиме на одговорното лице во правното лице кое произведува вино | |
| 11. | За физичко лице<br>(завршено високо образование од областа на винарството, лозарството, енологијата или прехранбената технологија / договор за ангажирано лице со завршено високо образование од областа на винарството, лозарството, енологијата или прехранбената технологија или завршено најмалку средно образование, доколку капацитетот за преработка и чување на виното не надминува 50.000 литри годишно) | |
| 12. | За правно лице<br>(вработено најмалку едно лице со завршено високо образование од областа на винарството, лозарството, енологијата или прехранбената технологија / договор за ангажирано лице со завршено високо образование од областа на винарството, лозарството, енологијата или прехранбената технологија доколку капацитетот за преработка и чување на виното не надминува 100.000 литри годишно) | |
| 13. | Доспеани финансиски обврски за откупено винско грозје | ДА / НЕ |
| 14. | Бришење од Регистарот на производители на вино во претходната календарска година | ДА / НЕ |
| 15. | Телефонски број: | |
| 16. | Е – маил адреса: | |

Подносител:

____________________
(место)

____________________
потпис

____________________
(датум)